РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-5088/2
04. 12. 2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 26 став (4) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема опрема („Сл. весник на РМ“ бр. 6/12, 163/13 и 39/16) Министерот за животна средина и просторно планирање на ____.____.2020 година донесе:

## РЕШЕНИЕ
**за утврдување годишните цели за собирање на отпадна опрема од домаќинствата за 2021 година**

### Член 1
Со ова Решение се утврдуваат годишните цели за собирање на отпадна опрема од домаќинствата за 2021 година.

### Член 2
Целите за собирање на отпадна опрема од домаќинствата ќе се сметаат дека се постигнати за 2021 година, доколку се собере отпадна опрема од домаќинствата во количина од 25% од вкупната количина опрема пуштена на пазарот, а пресметано врз основа количина од 16 000, 00 тони опрема пуштена на пазарот во 2020 година.

### Член 3
Реализацијата на количините на собирање на годишна основа ја следи органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

### Член 4
Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
Согласно член 26 став (4) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема опрема („Сл. весник на РМ“ бр. 6/12, 163/13 и 39/16), за постигнување на целите, Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната

средина ги утврдува годишните цели за собирање за наредната година, најдоцна до 15 декември во претходната година за наредната година.

Врз основа на погоренаведеното се донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

***Правна поука:*** *Против ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена сметано од денот на примот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Бр. 02 - ________ /____
04. 12. 2020 година
Скопје